Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник на РМ број 24/2011), Друштвото за промет и услуги ОРИФЛЕИМ КОЗМЕТИКА ДООЕЛ-Скопје, со седиште на ул. Метрополит Теодосиј Гологанов бр. 32 Скопје, со ЕДБ 4030996230326 и ЕМБС 5118514 на ден 24.08.2021 година ги пропиша следниве:

# ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА
# "25 НАГРАДИ ЗА 25 ГОДИНИ ОРИФЛЕИМ МАКЕДОНИЈА"

## Член 1
## Назив и седиште на трговското друштво

Организатор на наградната игра "25 НАГРАДИ ЗА 25 ГОДИНИ ОРИФЛЕИМ МАКЕДОНИЈА" е Трговското друштво ОРИФЛЕИМ КОЗМЕТИКА ДООЕЛ-Скопје, со седиште на ул.Метрополит Теодосиј Гологанов бр. 32 Скопје, со ЕДБ 4030996230326 и ЕМБС 5118514 (во понатамошниот текст: Орифлеим или Организатор).

## Член 2
## Назначување на производите и услугите заради чие рекламирање се приредува наградната игра

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на производи од каталогот на Орифлеим и производи од онлајн понудата на Орифлеим достапни на официјалната веб страна на Орифлеим кои се нудат на пазарот на Република Северна Македонија и унапредување на нивната продажба.

## Член 3
## Име, опис и времетраење на наградната игра

Официјалното име на наградната игра гласи "**25 НАГРАДИ ЗА 25 ГОДИНИ ОРИФЛЕИМ МАКЕДОНИЈА".**

Наградната игра е наменета за регистрираните членови на Орифлеим кои ќе купат било кој од производите од Орифлеим во периодот додека трае наградната игра во вредност од минимум 1000 денари и со прикачување на фотографија со Орифлеим производ на специјално креирана платформа објавена на официјалната веб страница на Организаторот, во согласно со условите предвидени со овие Правила за наградна игра.

Наградната игра ќе започне од 10.09.2021 година и ќе трае до 30.09.2021 година.

**Член 4**

**Опис и содржина на потврдата врз чија основа се стекнува право на учество во наградната игра**

Потврдата за учество во наградната игра членовите ја добиваат во моментот на прикачување на фотографијата на специјално креирана платформа објавена на официјалната веб страница на Организаторот, при што учесникот, веднаш по пополнување на потребните податоци и успешно прикачување на фотографија во согласност со овие Правила, ќе добие електронска pop-up порака со следнава содржина: „Ви благодариме за прикачената фотографија. Наскоро ќе ги објавиме среќните добитници". Ваквата порака ќе има својство на потврдена успешна регистрација за учество во наградната игра.

**Член 5**

**Територија на која се приредува наградната игра, односно на која се врши уплатата за учество во наградната игра**

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

**Член 6**

**Податоци за наградите во наградната игра, поединечна вредност на секоја награда од фондот на награди и вкупна вредност на фондот на награди**

Вкупната вредност на фондот на награди на наградната игра **"25 НАГРАДИ ЗА 25 ГОДИНИ ОРИФЛЕИМ МАКЕДОНИЈА"** изнесува 704.937,00 денари со вклучен ДДВ.

Како главна награда ќе се додели 1 патничко моторно возило Брендирана Тојота Ајго. Покрај главната награда, од страна на организаторот се обезбедени и останати награди и тоа:

| **"25 НАГРАДИ ЗА 25 ГОДИНИ ОРИФЛЕИМ МАКЕДОНИЈА"** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Број | Награда | Количина | Единечна цена со ДДВ во МКД | Вкупна вредност со ДДВ во МКД |
| 1 | ***TOYOTA AYGO 1.0*** VVT-I 72 KS | 1 | 566,680 | 566,680 |
| 2 | **3 МЕСЕЧЕН ПАКЕТ ПРОИЗВОДИ ОД ОРИФЛЕИМ** | | | 71,286 |
| 2.1 | **Пакет Октомври** | | | **23,974** |
| | НОВА ЕЈЏ НОЌНА МАСКА | 24 | 83 | 1,999 |
| | КРЕМ ПРОТИВ СТАРЕЕЊЕ СО ДИЈАМАНТСКИ ПРАВ | 24 | 126 | 3,036 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | МИЛК & ХАНИ КРЕМ ЗА РАЦЕ И ТЕЛО | 24 | 41 | 992 |
| | ТЕНДЕР КЕАР БАЛСАМ | 24 | 15 | 355 |
| | РОЈАЛ ВЕЛВЕТ ЛУКСУЗНА МАСКА ЗА ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА КОЖАТА | 24 | 6 | 148 |
| | ОМЕГА 3 | 24 | 110 | 2,651 |
| | АМБЕР ЕЛИКСИР ПАРФИМИРАНА ТОАЛЕТНА ВОДА | 24 | 112 | 2,695 |
| | МИСТЕР ЏОРДАНИ ТОАЛЕТНА ВОДА | 24 | 117 | 2,799 |
| | НФМ ПАУЕР МАКС ПИЛИНГ-ГЕЛ ЗА ТУШИРАЊЕ | 24 | 41 | 977 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ЈУТФУЛ ЕЛИКСИР ПОДЛОГА ЗА ШМИНКА | 24 | 68 | 1,644 |
| | ГГ ЕЈНЏЛ КЕАРС МАСКАРА ЗА ИЗДОЛЖУВАЊЕ НА ТРЕПКИ | 24 | 54 | 1,288 |
| | ТО УЛТИМЕЈД УЛТРА ФИКС КАРМИН - НЈУД | 24 | 65 | 1,570 |
| | ХЕР ИКС АДВАНС КЕР ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СПРЕЈ ЗА КОСА | 24 | 41 | 977 |
| | ЕСЕНЗЕ & КО ТЕЧЕН САПУН ЗА РАЦЕ СО ЛИМОН И ВРБИНКА | 24 | 56 | 1,348 |
| | ЕСЕНЗЕ & КО ТЕЧЕН САПУН ЗА РАЦЕ СО ЛИМОН И ВРБИНКА | 24 | 62 | 1,496 |
| 2.2 | **Пакет ноември** | | | **23,959** |
| | НОВЕЈЏ НУТРИ6 МАСЛЕНИ КАПСУЛИ ЗА ЛИЦЕ | 24 | 157 | 3,761 |
| | НОВЕЈЏ ЕКОЛАГЕН ДНЕВЕН КРЕМ | 24 | 144 | 3,465 |
| | РОЈАЛ ВЕЛВЕТ НОЌЕН КРЕМ | 24 | 85 | 2,029 |
| | МОРСКИ КАЛЦИУМ И ВИТАМИН Д | 24 | 124 | 2,976 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ТОПЧИЊА ЗА НИЈАНСИРАЊЕ | 24 | 88 | 2,118 |
| | МОЛИВ ЗА ОЧИ- БЛЕК | 24 | 25 | 607 |
| | ИНФИНИТА ПАРФИМИРАНА ВОДА | 24 | 113 | 2,710 |
| | СО ФИВР ТОАЛЕТНА ВОДА ЗА НЕГО | 24 | 115 | 2,754 |
| | ЛН МАСЛО ЗА КОСА И ТЕЛО ОД АВОКАДО | 24 | 43 | 1,037 |
| | СВИДИШ СПА ВИПД ВЕЈВС ПУТЕР ЗА ТЕЛО | 24 | 73 | 1,762 |
| | ФИТ АП АДВ КРЕМ ЗА РАЗУБАВУВАЊЕ НА СТАПАЛАТА | 24 | 31 | 740 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3 | **Пакет декември** | | | **23,352** |
| | ГГ ЕСЕНЦА ПАРФЕМ | 24 | 233 | 5,597 |
| | МИС ЏОРДАНИ ПАРФИМИРАНА ВОДА | 24 | 116 | 2,784 |
| | НОРД ФОР МЕН САБЗИРОУ ГЕЛ ЗА КОСА И ЗА ТЕЛО | 24 | 35 | 829 |
| | БИ ЛЕЏЕНД МАШКА ТОАЛЕТНА ВОДА | 24 | 114 | 2,739 |
| | ГГ РИЛАНЧ АЈКОНИК ГРАНД МАСКАРА | 24 | 48 | 1,140 |
| | Д УАН ЛИП СПА БАЛСАМ ЗА УСНИ | 24 | 48 | 1,155 |
| | ДЕ УАН КОЛОР АНЛИМИТЕД ЕС СТИК- ПИНК | 24 | 39 | 933 |
| | ОПТИМАЛС ХИДРА РАДИЈАНС ДНЕВЕН КРЕМ | 24 | 41 | 992 |
| | ОПТИМАЛС ХИДРА РАДИЈАНС НОЌЕН КРЕМ | 24 | 45 | 1,081 |
| | РВ КРЕМ ЗА ЗАЦВРСТ. НА КОНТУРИТЕ НА ОЧИТЕ | 24 | 30 | 711 |
| | АСТАКСАНТИН И ЕКСТРАКТ ОД БОРОВИНКА | 24 | 165 | 3,954 |
| | ЛН ГЕЛ ЗА ТУШИРАЊЕ МАСЛИНОВО МАСЛО И АЛОЕ ВЕРА | 24 | 30 | 726 |
| | ЛН САПУН ЗА РАЦЕ МАСЛИНОВО МАСЛО И АЛОЕ ВЕРА | 24 | 12 | 296 |
| | КРЕМ ЗА РАЦЕ ОД АВОКАДО | 24 | 17 | 415 |
| 3 | **ПОКЛОН ПРОИЗВОД "ИЗНЕНАДУВАЊЕ" ОД ОРИФЛЕИМ - СЕКОЈ ДОБИВА** | | | **66,972** |
| | Дизни сапун | 21 | 13 | 271 |
| | ОНЕ 5 ВО 1 ВОНДЕР ЛАШ ВОДООТПОРНА МАСКАРА | 21 | 12 | 252 |
| | Лав нејџр крем за лице | 21 | 18 | 371 |
| | ЛАВ НЕЈЧР АНТИОКСИДАНТ ХАРТИЕНА МАСКА ЗА ЛИЦЕ | 21 | 20 | 415 |
| | Амбер Еликсир мини спреј | 42 | 44 | 1,860 |
| | ОНКОЛОР ЕДИНЕЧНА СЕНКА - ВЕЛВЕТ БЛЕК | 21 | 20 | 418 |
| | ОНКОЛОР ЕДИНЕЧНА СЕНКА ЗА ОЧИ - С БЛУ | 21 | 20 | 418 |
| | ОНКОЛОР ДВОСТРАН МОЛИВ ЗА УСНИ И ЗА ОЧИ- РЕД | 42 | 16 | 662 |
| | Молив за контурирање | 21 | 8 | 178 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Маскара Тремендоус | 21 | 34 | 713 |
| | ДО ДВОСТРАН МОЛИВ ЗА ВЕЃИ - КАФЕН | 21 | 29 | 599 |
| | Лента за глава | 21 | 34 | 710 |
| | OPTIFRESH МЕКА ЧЕТКА ЗА ЧИСТЕЊЕ ЗАБИ - СИНА | 21 | 8 | 167 |
| | Позес машки спреј | 21 | 35 | 739 |
| | Дизни тоалетна вода | 21 | 34 | 704 |
| | Џордани Голд спреј | 21 | 34 | 718 |
| | Еклат стајл спреј | 21 | 34 | 722 |
| | Он колор молив за очи | 21 | 15 | 316 |
| | ФЕМИНЕЛ РИФРЕШИНГ МАРАМЧИЊА ЗА ИНТИМНА НЕГА СО ЦРНА РИБИЗЛА И ЛОТОС | 21 | 25 | 529 |
| | ВАРМЕСТ ВИШЕС САПУН | 21 | 12 | 243 |
| | ДО ДВОСТРАН МОЛИВ ЗА ВЕЃИ - СМЕЃ | 21 | 29 | 599 |
| | Лента за коса | 21 | 20 | 425 |
| | ПЈУР СКИН 1 ПИЛИНГ И 2 МАСКА ЗА ЛИЦЕ | 42 | 6 | 244 |
| | ДЕ УАН МЕЈКАП ПРО ВЕТ ЕНД ДРАЈ СЕНКА ЗА ОЧИ - ФИЗИ ОРИНЏ ШИМЕР | 21 | 24 | 506 |
| | Позес женски мини спреј | 21 | 45 | 950 |
| | ФИТ АП КАМФОРТ ПУДРА-ДЕЗОДОРАНС ЗА СТАПАЛА | 21 | 17 | 367 |
| | ЛАВ НЕЈЧЕР ГЕЛ ЗА ЛИЦЕ ОД КРАСТАВИЦА | 21 | 14 | 301 |
| | ОНКОЛОР ДВОСТРАН МОЛИВ ЗА УСНИ И ЗА ОЧИ- КОРАЛ | 21 | 16 | 331 |
| | ДЕ УАН А-3 ХИДРАТАНТНА МАТ КРЕМ-ПУДРА СО СПФ 30 - НАЧУРАЛ | 21 | 24 | 500 |
| | ОПТИМАЛС КОНЦЕНТРИРАН ТОНИК ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ | 42 | 32 | 1,354 |
| | Дизни мапет сапун | 21 | 13 | 270 |
| | ОНКОЛОР ДВОСТРАН МОЛИВ ЗА УСНИ И ЗА ОЧИ- ДИП БЛУ | 42 | 16 | 662 |
| | Дизни Вини пу сапун | 21 | 13 | 276 |
| | ЛАВ НЕЈЧЕР МАСКА ЗА ЛИЦЕ ОД КРАСТАВИЦА | 21 | 17 | 359 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Дизни Вини пу гел за туширање | 21 | 38 | 801 |
| | СТАЈЛЕР 3Д - ЧЕТКА ЗА ВИТКАЊЕ | 21 | 39 | 813 |
| | ДЕ УАН КОЛОР СТАЈЛИСТ УЛТИМИТ МОЛИВЧЕ ЗА УСНИ - АПСОЛУТ ПИНК | 21 | 6 | 119 |
| | ОПТИМАЛС НУРИШИНГ КОНЦЕНТРИРАН ТОНИК | 21 | 32 | 676 |
| | ОНЕ ЏАМБО ТУШ ЗА ОЧИ ВО МОЛИВ | 21 | 11 | 229 |
| | ЕЛВИ ПАРФИМИРАН РОЛОН ДЕЗОДОРАНС | 21 | 13 | 283 |
| | СЕНКА ЗА ОЧИ | 21 | 14 | 287 |
| | ПЈУАР СКИН ЈАГЛЕНА МАСКА ШТО СЕ ЛУПИ | 42 | 18 | 761 |
| | НОВЕЈЏ МАСКА ЗА ОБНОВА НА КОЖАТА | 42 | 26 | 1,072 |
| | Фит ап освежувачки спреј | 21 | 34 | 711 |
| | Лав нејџр маска за лице | 21 | 16 | 341 |
| | Он колор мат кармин | 21 | 16 | 335 |
| | ГГ ОГЛЕДАЛЦЕ | 21 | 30 | 627 |
| | ДЕ УАН МОЛИВЧЕ ЗА ОЧИ- БГОЛД | 21 | 14 | 292 |
| | ОПТИМАЛС ХИДРА РАДИЈАНС ДНЕВЕН КРЕМ | 21 | 26 | 539 |
| | Д УАН ФИКСАТОР ЗА ШМИНКА | 21 | 30 | 639 |
| | СИЛК БЈУТИ ВОСОЧНИ ЛЕНТИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ ВЛАКНА | 11 | 48 | 530 |
| | ОПТИМАЛС ЕЈЏ РЕВИВ КРЕМ ЗА ОЧИ | 11 | 32 | 356 |
| | ОНКОЛОР РЕД КИС ДВОСТРАНО МОЛИВЧЕ ЗА ОЧИ - БУРГ & БЛЕК | 11 | 15 | 166 |
| | Д УАН МЕЈКАП ПРО СЕНКА ЗА ОЧИ - СГОЛД | 11 | 22 | 246 |
| | ДЕ УАН 5 ВО 1 ВОНДЕР ЛАШ XX ВОДООТПОРНА МАСКАРА | 11 | 13 | 145 |
| | ДЕ УАН А-З ХИДРАТАНТНА КРЕМ-ПУДРА СПФ 30 - БЕЈЖ | 11 | 22 | 244 |
| | НЕЖНА НЕГА БАЛЗАМ РИБИЗЛА | 11 | 7 | 79 |
| | ОПТИМАЛС ХИДРА МАТ РЕФАЈНИНГ НОЌЕН КРЕМ ЗА МРСНА КОЖА | 11 | 27 | 300 |
| | СТАЈЛЕР ЛЕНТА ЗА КОСА | 11 | 29 | 322 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Д УАН МЕЈКАП ПРО СЕНКА ЗА ОЧИ - РКОПЕ | 11 | 22 | 246 |
| | ДЕ ОНЕ МЕЈКАП ПРО РУМЕНИЛО - БТЕРА | 11 | 16 | 172 |
| | МАГНИФАИНГ ОГЛЕДАЛО 3 ВО 1 | 11 | 39 | 427 |
| | НОРД ФОР МЕН ПАУЕР ПАРФИМИРАН СПРЕЈ ЗА ТЕЛО | 11 | 30 | 334 |
| | ТРИМЕР ЗА ВЕЃИ 2 ПАРЧИЊА | 11 | 23 | 249 |
| | ДЕ УАН ГЛОС Н'ВЕАР ЛАК ЗА НОКТИ - КРИМИ САНСЕТ | 11 | 6 | 68 |
| | ДО ВОДООТПОРЕН МОЛИВ ЗА ОЧИ - БРАУН | 11 | 9 | 96 |
| | ЕЛЕО РЕГЕНЕРАТОР | 11 | 39 | 425 |
| | КРИСТОЛОЏИ БЛИСФУЛ АУРА САПУН | 11 | 12 | 135 |
| | НФМ ЛОСИОН ЗА БРАДА | 11 | 14 | 155 |
| | ДЕ ОНЕ МЕЈКАП ПРО РУМЕНИЛО -СПИЧ | 11 | 16 | 172 |
| | М&Н ГОЛД АМБЕР ЕЛЕГАНС | 11 | 30 | 327 |
| | ПРЕСИЖН ЧЕТКА ЗА КОНТУРИРАЊЕ | 11 | 31 | 336 |
| | ДЕ УАН А-З ХИДРАТАНТНА МАТ КРЕМ-ПУДРА СО СПФ 30 - ФЕАР | 11 | 24 | 262 |
| | ДЕ УАН МЕЈКАП ПРО ВЕТ ЕНД ДРАЈ СЕНКА ЗА ОЧИ - СОРБЕ ПИНК МЕТ | 11 | 24 | 265 |
| | НФМ МАСЛО ЗА БРАДА | 11 | 39 | 431 |
| | ДЕ УАН А-З ХИДРАТАНТНА МАТ КРЕМ-ПУДРА СО СПФ 30 - БЕЈЖ | 11 | 24 | 262 |
| | ПЈУР СКИН СРЕДСТВО ЗА МИЕЊЕ ЛИЦЕ | 11 | 23 | 250 |
| | Д УАН ТУШ ЗА ОЧИ ВО МОЛИВ - ЏЕТ БЛЕК | 11 | 41 | 448 |
| | ОНКОЛОР МУЛТИПЛ ЛЕШ МАСКАРА- БРАУН | 11 | 21 | 236 |
| | НОВЕЈЏ МАСКА ЗА ИЗМАЗНУВАЊЕ | 11 | 29 | 320 |
| | ОПТИМАЛС МУЛТИ ПРОТЕКШН ЛОСИОН ЗА ЛИЦЕ СО УВ-ЗАШТИТА И СПФ 30 | 11 | 38 | 423 |
| | ДЕ УАН ГЛОС Н'ВЕАР ЛАК ЗА НОКТИ - ДЈУИ ГРЕЈ | 11 | 6 | 68 |
| | ПРЕСИЖН АЛАТКА ЗА ОЧИ И ВЕЃИ | 11 | 12 | 132 |
| | НЕЖНА НЕГА СО МАСЛО ОД ЦИМЕТ | 21 | 4 | 85 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ТО 5-ВО-1ВОНДЕР ЛЕШ XXL МАСКАРА | 11 | 22 | 237 |
| | ФЕСТИВ ВОНДЕРЛЕНД КУПКА СО МИРИС НА ЗАШЕЌЕРЕНО ЈАБОЛКО | 11 | 23 | 248 |
| | НЕЈЛ ИТ ШАБЛОНИ ЗА НОКТИ | 11 | 11 | 119 |
| | ОНКОЛОР ЛИТЛ МАТ КАРМИН - Х РЕД | 11 | 16 | 176 |
| | ДИЗНИ ТС4 ПЕНЛИВА КУПКА ЗА КОСА И ТЕЛО | 11 | 35 | 389 |
| | ОНКОЛОР МАТ ГЛАМ ЛАК ЗА НОКТИ - В БЕРИ | 11 | 11 | 124 |
| | Д УАН ТУШ ЗА ОЧИ ВО МОЛИВ - ЧАРКОАЛ ГРЕЈ | 11 | 41 | 448 |
| | ШЕЈКЕР И МЕРИЦА | 11 | 40 | 439 |
| | АКТИВЕЛ ФРЕШ АНТИПЕРСПИРАНТЕН ДЕЗОДОРАНС ВО СПРЕЈ | 11 | 40 | 436 |
| | ДРВЕН ЧЕШЕЛ ЗА ОТПЛЕТУВАЊЕ | 11 | 34 | 370 |
| | ДЕ УАН КОЛОР СТАЈЛИСТ УЛТИМИТ МОЛИВЧЕ ЗА УСНИ - РОУЗ ТЕНДЕРНЕС | 11 | 6 | 62 |
| | ОНЕ ВОНДЕР МАСКАРА-BLACK | 11 | 11 | 125 |
| | ХЕАРИКС АКАФ ТОНИК ЗА СКАЛП | 11 | 29 | 320 |
| | ДИВАЈН ИДОЛ ПАРФИМИРАН СПРЕЈ ЗА ТЕЛО | 11 | 24 | 269 |
| | ОНКОЛОР РЕД КИС ЛАК ЗА НОКТИ - П ДЕЈЗ | 11 | 12 | 130 |
| | ДЕ УАН ГЛОС Н ВЕАР ЛАК ЗА НОКТИ БРЕД | 11 | 21 | 229 |
| | ДЕ УАН ХАЈ ИМПЕКТ МОЛИВ ЗА ОЧИ - ВИВИД БРОНЗ | 11 | 17 | 187 |
| | АЛАТКА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЧЕТКИ | 11 | 23 | 253 |
| | Д УАН МЕЈКАП ПРО СЕНКА ЗА ОЧИ - ЦЛИЛЈАК | 11 | 22 | 246 |
| | ОПТИМАЛС ХАЈДРА РЕЈДИЕНС ТОНИК ЗА ЛИЦЕ ЗА НОРМАЛНА/КОМБИНИРАНА КОЖА | 11 | 20 | 218 |
| | ЕЛЕО МАСЛЕН ШАМПОН | 11 | 34 | 377 |
| | ДЕ УАН МЕЈКАП ПРО ВЕТ ЕНД ДРАЈ СЕНКА ЗА ОЧИ - БРИЗИ БЛУ | 11 | 24 | 265 |
| | ОНКОЛОР МАТ ГЛАМ ЛАК ЗА НОКТИ - Р ПИНК | 11 | 11 | 124 |
| | ДО ЕВЕРЛАСТИНГ КОРЕКТОР - ФБЕЖ | 11 | 26 | 283 |
| | ПОЛАР СЕТ ОД 3 ПАРА ОБЕТКИ | 11 | 43 | 471 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ТО УЛТИМЕЈТ ГЕЛ ЛАК ВАЈЛД ЕАРТ - Е ЈЕЛОУ | 11 | 21 | 233 |
| | ПРЕСИЖН АГОЛНА ЧЕТКА ЗА ТУШ | 11 | 13 | 140 |
| | ЛАВ ПОУШН ПАРФИМИРАН СПРЕЈ ЗА ТЕЛО | 11 | 27 | 293 |
| | НОРТ ФОР МЕН ФРЕШ ПАРФИМИРАН СПРЕЈ ЗА ТЕЛО | 11 | 30 | 331 |
| | ГЕЛ ЗА РАЦЕ И ТЕЛО СО ИРИС И ЖАЛФИЈА | 11 | 49 | 536 |
| | ОНКОЛОР МАТ ГЛАМ ЛАК ЗА НОКТИ - МГЛАМ | 11 | 11 | 124 |
| | ПРЕСИЖН АГОЛНА ЧЕТКА ЗА РУМЕНИЛО | 11 | 26 | 281 |
| | ОПТИМАЛС АНТИОКСИДАНТЕН КОНЦЕНТРИРАН ТОНИК | 11 | 32 | 350 |
| | ОНКОЛОР КЕНДИ ГЛЕИЗ ЛАК ЗА НОКТИ - Г ОРИНЏ | 11 | 16 | 174 |
| | ОНКОЛОР КЕНДИ ГЛЕИЗ ЛАК ЗА НОКТИ - С-ОРИНЏ | 11 | 16 | 174 |
| | ШТИТНИЦИ ЗА ПЕТИЦИ | 11 | 6 | 66 |
| | ОПТИМАЛС ХАЈДРА КЕАР КРЕМ ЗА ЧИСТЕЊЕ ЛИЦЕ, ЗА СУВА/ЧУВСТВИТЕЛНА КОЖА | 11 | 33 | 363 |
| | ДО ЕВЕРЛЕСТИНГ ЕКСТРИМ ТЕЧНА ПУДРА СПФ 30 | 11 | 22 | 247 |
| | ЧЕРКОАЛ КОЊАК СУНЃЕР | 11 | 41 | 447 |
| | ЕЛЕО РЕГЕНЕРАТОР ВО ВИД НА ПЕНА | 11 | 51 | 561 |
| | ОПТИМАЛС ХИДРАТАНТНА МАСКА ЗА ЛИЦЕ | 11 | 28 | 304 |
| | ДЕ УАН ГЛОС Н'ВЕАР ЛАК ЗА НОКТИ - СОФТ МОС | 13 | 6 | 80 |
| | ОНКОЛОР МАТ ГЛАМ КАРМИН - Ф ФУШСИЈА | 9 | 17 | 149 |
| | ДЕ УАН ЛАК ЗА НОКТИ- БЛАСТ | 16 | 16 | 258 |
| | МИС ХЕПИ МИРИСЕН СПРЕЈ | 10 | 31 | 319 |
| | ОНКОЛОР ЛАК ЗА НОКТИ - ЏУСИ ПИЧ | 14 | 8 | 110 |
| | КРИСТОЛОЏИ БЛИСФУЛ АУРА ТОПКА ЗА БАЊАЊЕ | 10 | 39 | 403 |
| | ПЈУР СКИН СОС ГЕЛ ЗА МОЗОЛЧИЊА | 10 | 15 | 149 |
| | ЏОЈС ТИРКИЗ ТОАЛЕТНА ВОДА | 10 | 53 | 539 |
| | ПРЕСИЖН ШАБЛОНИ ЗА ВЕЃИ | 6 | 15 | 89 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ТО ФЕЈС СТАЈЛЕР СТИК ЗА КОНТУРИРАЊЕ - ХОТ ЧОКОЛЕЈТ | 3 | 74 | 221 |
| | БЕЈБИ О СЕТ ЗА МАНИКИР | 2 | 61 | 122 |
| | ВЕЛНЕС ЧАША | 2 | 66 | 131 |
| | The One Face & Eyes Палета шминки | 2 | 100 | 200 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД КОЗМЕТИЧКА ЧАНТА | 2 | 77 | 154 |
| | АМОРЕ ОЧИЛАЗА СОНЦЕ | 2 | 89 | 179 |
| | ПУМА ВЕЛНЕС ЛЕНТА ЗАКОСА | 2 | 61 | 121 |
| | ЏОРДНИ ГОЛД АНИВЕРСАРИ ЛАНЧЕ | 2 | 84 | 168 |
| | АДАМ ОЧИЛА ЗА СОНЦЕ | 1 | 33 | 33 |
| | БРИЗ ФАЈР БОЛ ЛАНЧЕ | 2 | 56 | 113 |
| | ЕКСПРЕС ОЧИЛА ЗА СОНЦЕ | 2 | 33 | 65 |
| | ЕГЗОТИК ЛЕО ЛАНЧЕ | 2 | 33 | 67 |
| | БРИЗ ТУ ТОУН ФРЕЈМ ОЧИЛА ЗА СОНЦЕ | 2 | 53 | 106 |
| | ЧЕРИШ СЕТ НАКИТ СО ПРИВРЗОЦИ | 2 | 33 | 65 |
| | БРИЗ КАТ АУТ ЛАНЧЕ | 2 | 40 | 80 |
| | БРИЗ ЛИФ ЛАНЧЕ | 2 | 50 | 99 |
| | ПОЛАР ПРЛ СЕТ НАКИТ | 2 | 81 | 163 |
| | ДЕ ОНЕ ПАЛЕТА ЗА ШМИНКА | 2 | 19 | 38 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН ПОДЛОГА ЗА ШМИНКА | 1 | 34 | 34 |
| | БЈОРК ШАРЕНА МАРАМА | 1 | 36 | 36 |
| | ЛАВ МАШКИ ПАРИЧНИК ЗА КАРТИЧКИ | 1 | 26 | 26 |
| | ВОЛАРЕ МАРАМА | 1 | 50 | 50 |
| | ПЛИСЕ ФУТРОЛА ЗА КАРМИН | 1 | 109 | 109 |
| | ГГ КОРЕКТОР ЗА НИЈАНСИРАЊЕ - CORAL | 1 | 87 | 87 |
| | ГГ КОРЕКТОР ЗА НИЈАНСИРАЊЕ - BRONZE | 1 | 87 | 87 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЛАКИ КЛАВР АЛКА | 1 | 87 | 87 |
| | СКИН ПРО ЗАМЕНЛИВА ЧЕТКИЧКА ЗА ДЛАБИНСКО ЧИСТЕЊЕ-2 ЧЕТКИ | 1 | 76 | 76 |
| | ДРИФТ ВЕРСАТИЛ ОБЕТКИ | 1 | 29 | 29 |
| | ЕКСПРЕС ПРЛ СТЕЈТМЕНТ ОБЕТКИ | 1 | 29 | 29 |
| | ЕКСПРЕС ПРЛ ОБЕТКИ | 1 | 21 | 21 |
| | БРИЗ ЛИФ ОБЕТКИ | 1 | 36 | 36 |
| | РЕБЕЛ ПАФД АП ОБЕТКИ | 1 | 50 | 50 |
| | ГГ КАМЕНА ПУДРА СО МИНЕРАЛИ-LIGHT | 1 | 54 | 54 |
| | ГГ КАМЕНА ПУДРА СО МИНЕРАЛИ-NATURAL | 1 | 54 | 54 |
| | ПОЛАР МАШКИ НЕСЕСЕР | 1 | 67 | 67 |
| | ЕЛЕО МАСКА ЗА КОСА | 1 | 73 | 73 |
| | АМОРЕ СЕТ ОД 3 ПАРА ОБЕТКИ | 1 | 60 | 60 |
| | ЕЛЕО МАСЛЕН ТРЕТМАН ЗА ЗАШТИТА НА КОСАТА | 1 | 74 | 74 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН КАРМИН - ЛКОРАЛ | 1 | 38 | 38 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ЏУЛЕЛ КАРМИН - ЛАСТРС АМБЕР | 1 | 68 | 68 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ЏУЛЕЛ КАРМИН - ПУРПЛ СЕФАЈР | 1 | 68 | 68 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ДВОЈНА СЕНКА ЗА ОЧИ - ДЕЛИКТ ПИНК - РОУЗ АЈС | 1 | 95 | 95 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ДВОЈНА СЕНКА ЗА ОЧИ - ВАЈБРНТ ЏИНЏР - ИНТЕНС АЈС | 1 | 95 | 95 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ДВОЈНА СЕНКА ЗА ОЧИ - СНОУ БЛУ - ФРОУЗЕН АЈС | 2 | 85 | 170 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ДВОЈНА СЕНКА ЗА ОЧИ - ГОЛДЕН БРАУН - НОУБЛ АЈС | 2 | 95 | 189 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД ДВОЈНА СЕНКА ЗА ОЧИ - ПУРПЛ КРИМ - СМОУКИ АЈС | 1 | 95 | 95 |
| | ЕКОБЈУТИ КРЕМ ЗА ЛИЦЕ | 1 | 42 | 42 |
| | НОВА ЕЈЏ ТП СЕРУМ | 1 | 25 | 25 |
| | НОВА ЕЈЏ БРАЈТ СУБЛАЈМ СЕРУМ | 1 | 66 | 66 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН КАРМИН НОВА НИЈАНСА | 1 | 76 | 76 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН КАРМИН НОВА НИЈАНСА | 2 | 76 | 152 |
| | НОВА ЕЈЏ УЛТИМЕЈД ЛИФТ ДНЕВНА КРЕМА СПФ 15 | 2 | 56 | 112 |
| | НОВА ЕЈЏ БРАЈТ СУБЛАЈМ ДНЕВНА КРЕМА | 2 | 75 | 149 |
| | НОВА ЕЈЏ БРАЈТ СУБЛАЈМ НОЌНА КРЕМА | 1 | 59 | 59 |
| | ЕКОБЈУТИ МЛЕКО ЗА ЧИСТЕЊЕ ЛИЦЕ | 2 | 59 | 117 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН ТЕЧНА ПУДРА - РПОРСЕ | 2 | 83 | 167 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН ТЕЧНА ПУДРА - СВАНИЛ | 2 | 83 | 167 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН ТЕЧНА ПУДРА - РНУД | 2 | 83 | 167 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН ТЕЧНА ПУДРА - НБЕЖ | 1 | 83 | 83 |
| | ЏОРДАНИ ГОЛД МАСТЕРКРИЕЈШН ТЕЧНА ПУДРА - ГБЕЖ | 2 | 83 | 167 |
| | СЕНЗУАЛ ЈАСМИН ТОАЛЕТНА ВОДА | 2 | 49 | 98 |
| | НОРТЕН ГЛОУ ТОАЛЕТНА ВОДА | 1 | 52 | 52 |
| | ЕКСАЈТ - ТОАЛЕТНА ВОДА | 2 | 100 | 200 |
| | ЕТЕРНАЛ МЕН ТОАЛЕТНА ВОДА | 2 | 71 | 142 |
| | ВОМАНС КОЛЕКШН МИСТЕРИАЛ УД ТОАЛЕТНА ВОДА | 2 | 49 | 98 |
| | ГГ БРОНЗЕНИ ТОПЧИЊА ЗА НАГЛАСУВАЊЕ | 1 | 99 | 99 |
| | ГГ СПЕЦИЈАЛНО ИЗДАНИЕ НА ТОПЧИЊА ЗАНАГЛАСУВАЊЕ | 1 | 116 | 116 |
| | ВЕЛНЕС ПРЕМИУМ ЧЕЛИЧНА КУТИЈА | 1 | 71 | 71 |
| | ПУМА ВЕЛНЕС НЕСЕСЕР ЗА ПАТУВАЊЕ | 1 | 121 | 121 |
| | ХАГА ЧАНТА | 1 | 82 | 82 |
| | РЕБЕЛ БИИ ЧАСОВНИК | 1 | 175 | 175 |
| | ЛАВ ЧМАШКИ ЧАСОВНИК | 1 | 75 | 75 |
| | ПЛИСЕ НЕСЕСЕР | 1 | 493 | 493 |
| | ГОТАМ ЧАСОВНИК | 1 | 79 | 79 |
| | РЕБЕЛ ЧАСОВНИК | **1** | **177** | 177 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ВЕЛНЕС СПОРТСКА ЈАКНА Л ГОЛЕМИНА | 1 | 634 | 634 |
| | ГЕОМЕТРИК ЧАСОВНИК | 1 | 507 | 507 |
| | ХАГА КУФЕР | 2 | 827 | 1,653 |
| | ЕЛЕГАНТ ПАМЕТЕН ЧАСОВНИК | 1 | 711 | 711 |
| | АПАРАТ ЗА КАВИТАЦИЈА НА ТЕЛО | 1 | 1,063 | 1,063 |
| | ОРГАНИЗЕР НА ПРОИЗВОДИ | 2 | 766 | 1,532 |
| | ТРОТИНЕТ | 1 | 2,618 | 2,618 |
| | ИНСТАКС МИНИ ЈЕЛОУ АПАРАТ ЗА СЛИКАЊЕ | 1 | 1,894 | 1,894 |
| | **ВКУПНО ВО МКД** | | | **704,937** |

Наградите доделени од оваа наградна игра не подлежат на размена или замена со други награди или придобивки од друга наградна игра спонзорирана од Орифлеим или од други комерцијални програми на Орифлеим, ниту пак се заменуваат за пари.

Доколку наведената награда стане недостапна од која било причина, ОРИФЛЕИМ по нејзина единствена и апсолутна дискреција може да замени награда со слична или еднаква вредност.

**Член 7**

**Услови за учество во наградната игра**

Во наградната игра право на учество имаат сите полнолетни граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани членови на Орифлеим преку користење на формата за регистрација на официјалната веб страна на Организаторот или на друг начин за зачленување предвиден од страна на Организаторот;

- во периодот на времетраење на оваа наградна игра да изврши нарачка на било кои производи на Орифлеим со вкупен износ од минимум 1000 МКД;

- во периодот на времетраење на оваа наградна игра означен во член 3 од овие Правила да прикачи фотографија со Орифлеим производ на специјално креирана платформа која за таа намена ќе биде креирана и достапна на официјалната веб страна на Организаторот, на начините определени со овие Правила;
- Интернационалните членства се исклучени од наградната игра.

**Член 8**

**Тек на постапката на приредувањето, односно спроведувањето на наградната игра**

Секој регистриран член на Орифлеим кој во периодот на времетраење на оваа наградна игра извршил нарачка на било кои производи на Орифлеим со вкупен износ од минимум 1000 МКД има право да се пристапи кон специјално креирана платформа која за таа намена ќе биде креирана и достапна на официјалната веб страна на Организаторот и прикачи фотографија со Орифлеим производ на платформата.

Притоа, од членот ќе биде побарано да се идентификува со членски број, име и презиме, email адреса и телефонски број, како и да ја прикачи фотографијата која на себе содржи Орифлеим производ.

Фотографијата со Орифлеим производ треба да биде оригинална, креативна, нова и уникатна и истата не смее да вклучува никакви теми поврзани со:

- Сексуална содржина или несоодветен јазик;
- Претерување со карактеристиките, квалитетите или својствата на содржините;
- Погрешна содржина;
- Превентива, терапија, третирање, редуцирање, лекување, заразни болести; и
- Споредба со слични производи на пазарот.

По пополнување на побараните податоци и успешно прикачената фотографија на платформата, членот ќе добие порака со содржина „Ви благодариме за прикачената фотографија. Наскоро ќе ги објавиме среќните добитници".

Еден учесник може да прикачи неограничен број на фотографии во текот на траењето на наградната игра.

Фотографиите и нарачувањето на производите може да се направат најдоцна до 22.00 часот на 30.09.2021 година.

Фотографиите и порачаните производи примени пред или по времетраењето на наградната игра нема да бидат земени предвид и нема да бидат регистрирани.

Доколку се открие дека било каков материјал, објава, акција или задача има навредлив или вулгарен јазик, или обид да се нападне интегритетот, личноста на секој поединец или ентитет или да се прави/има нешто што според Орифлеим е понижувачко и навредливо, таквиот учесник автоматски ќе биде дисквалификуван од наградната игра.

Сите членови треба да ги следат своите обврски како членови на Орифлеим во согласност со Условите и Правилата, како и со Кодексот за етика и правила на однесување. Секое нивно прекршување за време на наградната игра ќе претставува автоматска дисквалификација на секој учесник.

Со прикачување на какви било материјали, дејствија или задачи како дел од наградната игра и на кој било е-маил или веб-страница управувана од Орифлеим, учесникот гарантира дека со тоа не повредува никакви авторски права, трговска марка, права на сопственост, права на приватност или публицитет на кое било лице, или кое друго право на која било трета страна и дека има целосно и неограничено право да ги прикачува и споделува таквите материјали, објави и дека ќе го заштити и обесштети Орифлеим од каква и да било одговорност или побарување.

Сите авторски права, права за дизајн или други права на интелектуална сопственост создадени со интелектуалната способност на Орифлеим од страна на членовите за оваа наградна игра апсолутно припаѓаат на Орифлеим и можат да се користат неограничено и трајно од страна на Орифлеим или кој било од неговите филијали или назначувачи.

Членовите се согласуваат дека за целите на оваа наградната игра, фотографиите ќе се сметаат за "нарачана работа" во согласност со применливата регулатива за авторски права. Членовите неотповикливо се откажуваат од било интелектуална сопственост што треба да одговара на фотографиите, бесплатно доделувајќи ги во корист на Орифлеим. Доколку е потребно, членовите се согласни да ги потпишат сите документи потребни за да се воспостави сопственоста на Орифлеим на таквите права на интелектуална способност.

**Член 9**

**Место, време, начин, постапка и контрола на извлекувањето на наградите, односно на определувањето на добивките и добитниците**

Извлекувањето на наградите ќе се одржува во просториите на ТД ОРИФЛЕИМ КОЗМЕТИКА ДООЕЛ, на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 32 Скопје, во присуство на тричлена комисија и нотар, која ќе води записник за извлекувањето кој ќе биде потпишан од страна на членовите на комисијата и нотарот.

Добитниците ќе бидат извлечени на 15.10.2021 година во 10 часот преку специјален софтвер изработен за потребите на наградната игра кој по случаен избор ќе ги одбере добитниците.

Во текот на извлекувањето ќе учествуваат сите регистрирани членови во Орифлеим кои порачале производи преку веб страната на Орифлеим во износ од минимум 1000 мкд и прикачиле фотографија на специјално креирана платформа, најдоцна 30.09.2021 година до 22.00 часот.

Во извлекувањето ќе бидат доделени 1 Брендирана Тојота Ајго и 24 награди 3 месечни пакети Орифлеим производи кои ќе бидат доставени до адресата на учесникот во периодот октомври, ноември и декември.

Еден учесник може да освои само една награда во времетраењето на наградната игра, дури и ако испратил повеќе фотографии и софтверот го избрал два или повеќе пати. Во овој случај Организаторот автоматски ќе премине на одбирање на следен добитник кој не добил ниту една награда.

Независно од наградите погоре, секој член кој во периодот на времетраење на оваа наградна игра ќе изврши купување на производи од Орифлеим во вредност од минимум 1000 денари ќе добие поклон производ "изненадување" од Орифлеим и истиот ќе му биде доставен на членот заедно со нарачаните производи. Конкретниот поклон производ "изненадување" кој ќе му биде испорачан на купувачот се определува по случаен редослед.

## Член 10
## Начин на објавување на резултатите, односно добитниците на наградите

Организаторот на наградната игра јавно ќе ги објави резултатите, односно добитниците на наградите, во рок од три дена од денот на извлекувањето на наградите (18.10.2021 година) и истите ќе бидат објавени со објавување на име и презиме на добитниците, членскиот број кој е извлечен и фотографијата која била прикачена од добитникот на интернет страницата на ОРИФЛЕИМ www.oriflame.mk.

Организаторот го задржува правото да ги исклучи од листата на добитници лицата кои не ги исполнуваат условите за учество или не ги почитуваат правилата на наградната игра. Исто така и во случај кога податоците за добитникот се непотполни, неточни или лажни организаторот има право да одлучи да не му ја додели наградата на таквиот добитник.

## Член 11
## Остварување на добивката – начин и рок за доделување на наградите

Веднаш по самото извлекување, Организаторот телефонски ќе ги исконтактира добитниците на наградите, за да ги извести за наградата и за да се верифицира името и презимето на добитниците.

При телефонското јавување на секој од добитниците, непосредно по извлекувањето, организаторот ќе ги извести дека ќе му ги достави наградите на домашна адреса во рок од 60 дена од денот на објавување на резултатите (освен за доделувањето на главната награда, за која Организаторот засебно ќе се договори со добитникот за времето и местото на примопредавање). Трошоците за испорачување на наградата до добитникот ги сноси Организаторот.

При испорачување на наградата, ќе биде потребно добитникот да приложи документ за лична идентификација и податоците содржани во неа да се поклопуваат со податоците внесени при самата регистрација на веб страната на Орифлеим.

Добитниците кои од различни причини нема да ја добијат својата награда до 18.12.2021 до 24.00 часот, за истото треба да го известат организаторот во писмена форма во рок од 7 дена, односно најдоцна до 25.12.2021 до 24.00 часот.Било какво известување по овој рок нема да биде процесирано од страна на организаторот и добитникот го губи правото на наградата.

Учесниците во наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во официјалните правила од страна на организаторот. Наградите не можат да се заменат, да се исплатат во парична вредност или да бидат доделени на трета личност. Во ниту еден случај нема да биде доделен поголем број на награди од назначениот. Организаторот не подлежи на никаква одговорност за задоцнети или изгубени учества.

Доколку наведената награда стане недостапна од која било причина, Орифлеим по нејзина единствена и апсолутна дискреција може да замени награда со слична или еднаква вредност.

**Член 12**

**Начин на запознавање на учесниците во наградната играта со правилата на играта**

За запознавање на учесниците со наградната игра и со правилата за истата, ќе се користат рекламни средства, а правилата на наградната игра ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на Организаторот www.oriflame.mk, пред започнувањето на наградната игра.

**Член 13**

**Рок во кој незадоволниот учесник во наградната игра има право да поднесе приговор против приредувачот на наградната игра**

Секој незадоволен учесник во наградната игра кој има приговор во врска со организацијата на оваа наградната игра, има право писмено да поднесе приговор до организаторот на наградната игра и за истото да добие писмено известување во рок од 5 дена, од денот на поднесувањето на приговорот.

Приговорите се сметаат за благовремено поднесени, доколку се достават најдоцна 7 (седум) дена од утврдувањето на причината поради која се приговара, но не подоцна од 8 дена по завршувањето на наградната игра.

**Член 14**

**Забрана за учество во наградната игра на вработените кај приредувачот на наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства.**

Во оваа наградна игра немаат право на учество вработените во ОРИФЛЕИМ КОЗМЕТИКА ДООЕЛ, како и членови од нивното потесно семејство, вклучувајќи: деца, родители, браќа, сестри, сопружници.

**Член 15**

**Одговорност**

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во Наградната игра на свој сопствен ризик. Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда ако потроши поголема сума на пари.

Организаторот не одговара за евентуални штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра. Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник или негов овластен претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки сврзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

**Член 16**
**Даночни обврски**

Данокот на доход за добивките од игри на среќа и други наградни игри не се плаќа ако поединечната добивка не го надминува износот од 5.000 денари.

Ако поединечниот износ на добивката е поголем од 5.000 денари, данокот се пресметува и плаќа врз целиот износ на добивката од страна на организаторот на наградната игра.

**Член 17**
**Откажување на наградната игра**

Наградната игра може да се откаже во случај на виша сила, како и во ситуација кога не постои можност организаторот да има независност во спроведувањето на наградната игра.

Во случај на откажување на наградната игра, организаторот ќе ги информира потрошувачите за откажувањето на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на откажување со објавување во дневен весник.

Организаторот јавно ќе го објави прекинувањето на наградната игра по пат на комуникација кој би бил достапен за учесниците.

Организаторот не сноси никаква правна одговорност за:
- Порачки и фотографии кои се пратени пред или по завршувањето на наградната игра;
- Погрешно напишани и испратени фотографии и членски кодови;
- Лажни податоци наведени од страна на учесникот при регистрирањето;
- несакани последици врз учесниците кои учествувале во наградната игра;
-технички и/или други проблеми во сообраќајот при испраќање на фотографијата и порачката;
- нарушување на туѓи права од интелектуална сопственост врз фотографиите прикачени од страна на учесниците.

**Важност на правилата на наградната игра**
**Член 18**

Овие официјални Правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде Дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и истите ќе важат се до завршувањето на наградната игра.

Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

**Согласност за собирање, обработување и зачувување на лични податоци**
**Член 19**

Со учество во наградната игра учесникот во целост ги прифаќа овие Правила и се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани од страна на организаторот (целосно име и

презиме, целосна адреса на живеење, е-маил, телефон), во понатамошниот текст “лични податоци“.

Ова вклучува собирање, снимање, организација, зачувување, прилагодување или изменување, користење, откривање преку пренесување, пропагирање или да се направат достапни на друг начин, усогласување или комбинирање, блокирање, бришење или уништување и заштита од понатамошно користење. Пристап до личните податоци имаат само техничките лица и селектирани соработници на организаторот.

Администрирањето и преносот на податоци од страна на организаторот е со цел полесно да се реализира и администрира секој учесник индивидуално во наградната игра.

Организаторот гарантира за сигурноста на личните податоци и прави се што е потребно да ги заштити од изменување, нелегален пристап до нив, јавно објавување, бришење или уништување. Личните податоци ќе бидат споделени само со трета страна чиешто учество во наградната игра е неизбежно (на пример, компанија која ги испорачува наградите).

Врз основа на оваа согласност, податоците ќе се администрираат во период од 3 години, почнувајќи од денот на завршувањето на наградната игра и по истекот на овој период податоците ќе бидат избришани. Учесниците имаат право во секој момент да побараат нивните лични податоци да бидат избришани или да побараат корекција на неточни податоци, исто така да побараат информација од организаторот во врска со администрирањето на нивните лични податоци.

Со учество во наградната игра учесникот ја дава неговата согласност за обработка на неговите лични податоци врз основа на детално објаснување и информација од страна на организаторот. За подетални информации за приватноста и заштитата на личните податоци, прочитајте ја Изјавата за приватност на податоците на нашата интернет страница www.oriflame.mk.

**Завршни одредби**
**Член 20**

Оваа наградна игра е ексклузивно спонзорирана од ТД Орифлеим Козметика дооел и во никој случај не е спонзорирана, поддржана, администрирана или поврзана со Фејсбук, Инстаграм.

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра ќе се решаваат спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежниот суд во Скопје и во согласност со важечките закони во Република Македонија.

Организатор на наградната игра
ТД ОРИФЛЕИМ КОЗМЕТИКА ДООЕЛ

______________________